Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-65/3
10.11.2022, Скопје

За потребите на проектот „Пристап до правда за сите" финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2020 – Оперативна поддршка за граѓански организации во Република Северна Македонија, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права IPA/2021/171/328-22 од 23.12.2021 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 11/2022
за ангажирање на експерти за изработка на онлајн курс за еднаквост

1. Институтот за човекови права (ИЧП во рамките на проектот „Пристап до правда за сите" (финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2020 – Оперативна поддршка за граѓански организации во Република Северна Македонија) има потреба од **набавка на двајца експерти за изработка на онлајн курс за интегрирање на еднаквост во програми и политики**, која ќе биде неопходна за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Изработка на лекции за курсот
   - Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори)
   - Снимање на кратки видеа врз основа на материјалите од курсот

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача ToR 11/2022.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од ноември 2022 до декември 2022.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 11/2022.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина (во денови)	Цена во бруто износ (МКД)
1.	Драфт верзија со утврдени поглавја и лекции	2	
2.	Финална верзија со прашања и примери	5	
3.	Едукативни видеа	1	
ВКУПНО		8	

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **17.11.2022 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **15.11.2022 година**.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Маргарита Цаца Николовска
Претседателка на Институт за човекови права